# ANALYSIS OF THE APPLICATION OF PAYMENT CARDS IN THE COUNTRY AND ABROAD

**Marina Blazhekovikj Toshevski**
St. Kliment Ohridski University – Bitola, RN Macedonia, marina.blazekovic@uklo.edu.mk

**Abstract:** In the past years, the digitalization process is moving forward and the possibilities and different payment methods are expanding more and more, but the covid pandemic forced that process to go at a stronger pace, faster digitialization of financial services and thus provided faster and better functions for bank customers. The results of various researches show that as a result of the offer of a large number of alternative payment methods, not only the customers benefit, but also the online merchants who in this way realize more sales. Although there has been a change in the payment landscape and a number of alternative payment methods have been offered, payment cards remain number one among them all.
The purpose of this paper is to analyze the application of payment cards in our country, their structural participation in the total value and the total number of payments, i.e. their application at virtual and physical sale, with an emphasis on contactless technology, i.e. contactless payment cards . A comparative analysis of the use of payment cards in different years has also been made. An analysis of the use of Macedonian payment cards for purchases in foreign countries was also made according to their participation in the total value of electronic transactions.
**Keywords:** payment cards, contactless technology, payment methods

# АНАЛИЗА НА ПРИМЕНАТА НА ПЛАТЕЖНИТЕ КАРТИЧКИ ВО ЗЕМЈАТА И СТРАНСТВО

**Марина Блажековиќ Тошевски**
Универзитет Св. Климент Охридски – Битола, РС Македонија, marina.blazekovic@uklo.edu.mk

**Резиме:** Изминатите години, процесот на дигитализација оди напред и се повеќе се прошируваат можностите и различните начини на плаќање, но ковид пандемијата наметна тој процес да оди со позасилно тепмо, побрза дигитализација на финансиските услуги, а со тоа обезбеди и побрзи и подобри функции за банкарските клиенти. Резултатите од најрзлични истражувања покажуваат дека како резултат на понудата на голем број на алтернативни начини на плаќање, корист имаат не само клиентите, туку и онлајн трговците кои на тој начин остваруваат поголема продажба. И покрај тоа што настана промена во пејсажот на начинот на плаќање и се понудија голем број на алтернативни начини на плаќање, сепак, платежните картички остануваат број еден меѓу сите нив.
Целта на овој труд е да ја анализира примената на платежните картички во нашата земја, нивното структурно учество во вкупната вредност и вкупниот број на плаќање, односно нивната примена и на виртуелни и на физички места на продажба, со нагласок на бесконтактната технологија односно бесконтактните платежни картички. Направена е и компаративна анализа на примената на платежните картички во одделни години. Исто така направена е и анализа на примена на макеоднските платежни картички за купување во странски земји според нивното учество во вкупната вредност на електронски трансакции.
**Клучни зборови**: платежни картички, бесконтактна технологија, начини на плаќање

## 1. ВОВЕД

Зголеменото користење на придобивките од процесот на дигитализација на пазарот на платежни услуги, односно промената на навиките на физичките и правните лица, дополнително се зголеми за време, а особено после појавата на корона пандемијата. Тоа може да се согледа преку зголемена употреба на платежните картички и дигиталните начини за реализирање на плаќањата. Дигитализацијата на финансиските услуги им овозможува на клиентите бројни предности и ја зголемува конкурентноста во овој домен. Имплементацијата на директивата Payment Services Two (PSD2) во Европа, уште повеќе придонесе за поттикнување на алатките за онлајн банкарство, а во исто време ја зајакна безбедноста во нивната употреба.
Кога станува збор за платежната сфера во нашата земја, како најзначајна нејзина активност во 2022 година е донесувањето на новиот Закон за платежни услуги и платни системи, а кој започна да се применува од 1 јануари 2023 година.

Меѓу позначајните придобивки од новиот Закон за платежни услуги и платни системи е всушност можноста на пазарот да се вклучат и нови даватели на платежни услуги и со тоа да се прошири понудата на платежни услуги. Тоа значи дека освен банките, ќе има и нови даватели на платежни услуги како на пример, таа можност им се дава и на штедилниците, но и на други специјализирани институции кои ќе понудат платежни услуги или можност за издавање на електронски пари. На тој начин ќе се создаде конкурентно окружување во кое би се поттикнале и постоечките и новите даватели на платежни услуги да понудат нови иновативни решенија за полесни, побрзи и поевтини плаќања за клиентите. Сепак, платежните картички остануваат најраспространетата форма на електронско банкарство и истите ги има во најразлични видови поделени според најразлични аспекти (Milutin Ć. Bankarski menadžment).
Во нашата земја, пораст на примената на платежни картички се забележува со донесување на одлука за исплаќање на платите во јавната администрација преку сметки кои се поврзани со платежни картички и од тогаш нивниот број континуирано се зголемува (Стратегија за развој на платниот систем на Република Македонија во периодот 2013-2017 година). Исто така, според последните објавени податоци на Државниот завод за статистика, може да се забележи контиуниран раст на користење на платежни картички за купување преку Интернет и физички места на продажба.

## 2. УЧЕСТВО НА ПЛАТЕЖНИ КАРТИЧКИ ВО БЕЗГОТОВИНСКИТЕ ПЛАТНИ ИНСТРУМЕНТИ

Споредено со претходните години, во 2022 година е забележан раст на бројот на трансакции со платежни картички кои се издадени во земјата од 13,1%, а коишто се остварени преку Интернет во земјата и на физичките места на продажба, а тоа придонесе да се зголеми нивното учество во вкупниот број плаќања за 3,6 п.п. и да достигни 65%. Овие промени може да се забележат на следниот графички приказ:

***Графикон 1 Структурно учество на безготовинските платни инструменти во вкупниот број на плаќањата***




Извор: НБРСМ

Сепак, во вкупната вредност на плаќањата најголемо учество со 97,3% имаат кредитните трансфери со зголемено структурно учество за 5,3 п.п. и учество од 67,2% на кредитните трансфери иницирани електронски за сметка на намалувањето на кредитните трансфери иницирани на хартија за 5,5 п.п. и учество од 30,1%. Исто така, во вкупната вредност реализирана со безготовински платни инструменти, зголемено е и структурното учество на вредноста на плаќањата со примена на на платежни картички и тоа за 0,2 п.п. и учество од 2,7%.
Овие промени може да се забележат на следниот графички приказ:

***Графикон 2 Структурно учество на безготовинските платни инструменти во вкупната вредност***




Извор: НБРСМ

**3. БЕСКОНТАКТНА ТЕХНОЛОГИЈА**

Кога станува збор за поголемата примена на електронски плаќања како резултата на корона пандемијата, особено место од аспект на мерките за заштита при плаќање, зазеде примената на бесконтактни платежни картички. За тоа говори и податокот за електронски плаќања во напата земја, од кој моќе да се согледа дека бесконтактната технологија сè повеќе се проширува (извештаи на НБРМ за 2020, 2021, 2022 година). Така, на крајот на 2022 година, од вкупно 2,1 милион платежни картички издадени во нашата земја 69,7% се бесконтактни платежни картички или 1,4 милион од вкупно издадените се бесконтактни картички. За се поголемата примена бесконтактната технологија, говори и фактот дека од вкупно 30.011 уреди на физичките места на продажба, 27.771 поддржуваат бесконтактни плаќања, односно споредено со претходната година, нивниот број се зголемил за 3,1% и 1, 2% соодветно.

Покрај примената на бесконтакнтните платежни картички, развојот на бесконтакнтата технологија може да се согледа и преку примената на дигиталиирани платеќни картички чиј број во 2022 година достигна 40.664 а со цел за реализирање на плаќања преку мобилни уреди и други смарт уреди кои овозможуваат реализирање на бесконтактни плаќања.

Исто така, во последната година споредено со претходните години, се забележува пораст на годишно ниво кај бројот на трговци кои прифаќаат плаќања со платежни картички и тоа за 16,1% односно 14.962, а како резултат на порастот на бројот на трговци на виртуелни места на продажба и трговци кои го прифаќаат начинот на плаќање со платеќни картички на физичките места на продажба.

**4. АНАЛИЗА НА ПРИМЕНА НА ПЛАТЕЖНИ КАРТИЧКИ ЗА КУПУВАЊЕ ВО СТРАНСКИ ЗЕМЈИ**

Анализирајќи ги податоците кои се објавени во годишните извештаи на НБРСМ (годишни извештаи за 2020, 2021, 2022 година), може да се согледа дека македонските граѓани потрошиле 156.2 милиони евра во 2022 година за купување на производи и услуги со платежни картички од е-трговци во странски земји. Тоа претставува пораст од 46,31% во однос на претходната 2021 година, а учеството во вредноста на вкупните онлајн трансакции е 28%

Освен вредноста, во 2022 година забележлив е и раст на бројот на електронски трансакции преку онлајн купување во странство од страна на македонските граѓани кој изнесува 3.66 милиони во 2022, односно пораст од 21,1% во однос на претходната година година. Поради во 2022 година се зголемува Износот пак на една просечна онлајн трансакција во 2022 година, се зголемува од 35,3 евра на 42,65 евра во 2022 година, а што е резултат на поголемиот пораст на вредноста на реализирани трансакции споредено со бројот на трансакции направени во странство. Во бројот на реализирани онлајн трансакции, учеството на физичките лица е 89% во вкупниот број, а просечна вредност по реализирана трансакција е 32.4 евра, додека кај правните лица таа вредност е 124,1 евра (согласно направената анализа на Асоцијацијата за е-трговија на Македонија).

Анализта покажува дека во 2022 година, дури 67% од вкупната вредност на онлан купувањето односно 156.2 милиони евра, се потрошени за онлајн купување во странство и дека 78% од вкупниот број на направените трансакции односно 3.66 милиони се оствариле следните седум земји и тоа: Велика Британија, Унгарија, Холандија, Ирска, САД, Луксембург и Германија.

Исто така, анализата покажува дека во 2022 година, македонските граѓани со своите платежни картички најмногу купувале онлајн од Велика Британија, Унгарија и Холандија. Најмногу купувале во Велика Британија и тоа во вредност од 21.8 милиони евра, додека најголем број на трансакции направиле во Луксембург и тоа 865.9 илјади.
Овие движења може да се согледаат на следните табели:

***Табела 1 Листа на земји по вредност на online трансакции во кои се плаќало со македонски платежни картички***

во милиони евра

| Земји | Учество |
|---|---|
| Велика Британија | 21,77 |
| Унгарија | 19,74 |
| Холандија | 19,40 |
| Ирска | 15,95 |
| САД | 11,35 |
| Луксмебург | 9,7 |
| Германија | 6,30 |
| Останати земји | 51,96 |

Извор: НБРСМ и https://ecommerce.mk/

***Табела 2 Листа на земји по број на online трансакции во кои се плаќало со македонски платежни картички***

| Земји | Учество |
|---|---|
| Велика Британија | 360,36 |
| Унгарија | 138,56 |
| Холандија | 391,48 |
| Ирска | 411,29 |
| САД | 592,20 |
| Луксмебург | 865,87 |
| Германија | 106,65 |
| Останати земји | 795,12 |

Извор: НБРСМ и https://ecommerce.mk/

## 4. ЗАКЛУЧОК

Од претходно наведеното може да се каже дека може да се очекува и понатаму да продолжи континуираниот раст и на вредноста и на бројот на остварени трансакции со се поголема примена на платежните картички, во земјата, но и онлајн транскации кон странски земји. Позитивен е податокот за зголемено учеството на вредноста на онлајн купувањата во странство и тоа од 24% на 28% во 2021 година и 2022 година соодветно, во вкупната вредност на онлајн трансакции направена и со домашни и со странски платежни картички кон домашни и кон странски е-трговци. Секој пораст на онлајн трансакции е многу важен за развојот на електронското банкарство и електронската трговија во нашата земја. Многу е важна и промената во навиките на македонските граѓани за користење на платежните картички за онлајн купувања, затоа што на тој начин стекнуваат навика тоа да го прават и од домашните е-трговци. Тогаш, кога има поголема побарувачка, се поттикнуваат и домашните трговци уште повеќе да ја зголемат и прошират својата понуда.
Кон сето тоа значително ќе придонесе и донесувањето на новиот Закон за платежни услуги и платни системи чија најголема придобивка ќе биде отворањето на пазарот за нови даватели на платежни услуги, но и зголемување на листата на платежни услуги коишто ќе се нудат на пазарот. На тој начин, во така нови конкурентски услови, би се поттикнале постоечките и новите даватели на платежни услуги да понудат нови иновативни решенија за клиентите, како и за реализирање на побрзи, поудобни и поевтини плаќања.

## ЛИТЕРАТУРА

E-Commerce Macedonian Association, https://ecommerce.mk/ (accessed 16.05.2023)
Годишен извештај за 2022 година, НБРСМ. (2022).
Годишен извештај за 2021 година, НБРСМ. (2021).

Годишен извештај за 2020 година, НБРСМ. (2020).
Државен завод за статистика, https://www.stat.gov.mk/ (accessed 20.07.2022)
Закон за платежни услуги и платни системи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 90/22).
Milutin Ć. (1995). Bankarski menadžment. Beograd.
Payment services (PSD 2) - Directive (EU) 2015/2366 https://ec.europa.eu/info/law/payment-services-psd-2-directive-eu-2015-2366_en (accessed 25.07.2022)
Стратегија за развој на платниот систем на Република Македонија во периодот 2013-2017 година
Интернет страни:
https://ecommerce.mk/
https://www.nbrm.mk/
https://www.stat.gov.mk/